HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

АВГУСТ

2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Фундаменталните човекови права на прво место: Активен придонес за владеење на правото

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Содржината на овој продукт е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

01
вовед

02
говор на омраза

03
дела од омраза

04
затворени институции

05
бесплатна правна помош

# ВОВЕД

На почетокот на август, Блупринт групата за реформи во правосудството изрази сериозна загриженост за одлуката на Владата на РСМ со која се поништи листата на кандидати за судија во Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) и донесе одлука за основање нова комисија за повторување на постапката за избор на кандидати.

Блупринт групата укажа дека со овој потег, Владата го доведе во прашање легитимитетот на постапката, но, уште поважно, дека станува збор за нетранспарентно и потенцијално политизирано мешање во процесот што мора да биде стручен, непристрасен и базиран врз јасни критериуми. Во демократска држава, особено при избор на судија во еден од најважните меѓународни судови за заштита на човековите права, владеењето на правото, транспарентноста и почитувањето на процедурите мора да бидат водечки принципи. Одлуки донесени без образложение, спротивно на правилата и надвор од пропишаната процедура го нарушуваат меѓународниот углед на државата и не го обезбедуваат легитимитетот на избраниот кандидат. Хелсиншкиот комитет за човекови права ја поддржа одлуката на Основното јавно обвинителство Куманово да отвори постапка поради националистички и навредливи скандирања што беа регистрирани за време на кошаркарскиот натпревар помеѓу репрезентациите на Република Северна Македонија и Романија, одржан на 2 август во Куманово.

# ВОВЕД

Со ваквите скандирања се предизвикуваат раздор и нетрпеливост врз основа на етничка припадност, опишано во членот 319 од Кривичниот законик. По овој настан, јасно е дека спортските трибини и натаму остануваат простор каде што се шират навредливи и дискриминаторски пораки, особено на етничка и национална основа. Таквиот говор, особено кога е јавно манифестиран, има потенцијал да предизвика длабоки поделби, да ја наруши меѓуетничката кохезија, а има потенцијал да предизвика и злосторства од омраза.

Хелсиншкиот комитет остро го осуди ширењето говор на омраза и јавно апелираше до сите политички, спортски и општествени чинители да се спротивстават на овој феномен.

Само неколку дена подоцна се случи уште еден инцидент на спортските трибини за кој Хелсиншкиот комитет изрази сериозна загриженост и го осуди националистичкото и политизирано скандирање за време на фудбалскиот натпревар помеѓу ФК Шкендија и Карабах, кој се одигра на 5 август во Скопје. На натпреварот присуствувале претседателот на Собранието, вицепремиерот, министерот за економија, како и партиски лидери, и повторно ниту еден од овие високи функционери, за време на натпреварот, не реагирал во однос на навредувачките скандирања.

.

# ВОВЕД

Хелсиншкиот комитет јавно повика на осуда на говорот на омраза од страна на политичарите, што е еден од клучните фактори против ширењето на оваа појава, бидејќи говорот на омраза произведува уште поголем говор на омраза, а може да предизвика и злосторства од омраза.

При крајот на август, Блупринт групата за реформи во правосудството објави изјава за поддршка на семејствата што на 17 август излегоа со свои искази и сведочења во врска со трагедијата во Кочани. Тие сведочеа дека наместо да добијат разбирање и поддршка, се чувствуваат нападнати и изложени на различни притисоци, што уште повеќе ја зголемува недовербата во институциите.

Блупринт групата апелираше и до медиумите да продолжат внимателно и одговорно да ја следат постапката, со почитување на достоинството на жртвите и нивните семејства, но и со упорност во откривањето на сите евентуални неправилности и притисоци.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АВГУСТ 2025 ГОДИНА

Во текот на август 2025 година, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 75 случаи, од кои 43 (45 %) врз основа на етничка припадност и 29 случаи (31 %) врз основа на национална припадност и 8 случаи (16 %) врз основа на политичка припадност, 5 случаи врз основа на религија и религиско уверување (5 %) и по 3 (3 %) случаи врз основа на пол и род, и сексуална ориентација и родов идентитет, кои содржат елементи на говор на омраза, поттикнување и повикување на дискриминација и вознемирување.

Како и во изминатите парламентарни избори, кои се одржаа во 2024 година, и овие избори, од самото распишување на локалните избори 2025 година, предизвикаа зголемување на етничката и политичката поларизација во општеството, што, пак, резултираше со зголемен говор на омраза врз овие основи, а дополнително е забележан говор на омраза врз основа на национална припадност.

Од несогласување и критика кон политиките на политичките партии, многу често овој говор преминува во говор на омраза, кој е особено видлив на социјалните мрежи. Наративот е интензивиран и се забележува анимозитет помеѓу двете најголеми етнички заедници во državава – македонската и албанската, но дополнително и омаловажувачки говор и говор што навредува, но и оправдува и поттикнува дискриминација кон Роми.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АВГУСТ 2025 ГОДИНА

**На 2 август 2025 година, за време на квалификациски натпревар за Светското првенство во кошарка помеѓу репрезентациите на Северна Македонија и Романија, одигран во Куманово при отворањето на реконструираната спортска сала, од трибините беа слушнати скандирања со говор на омраза, меѓу кои антиалбански навреди („Смрт за Албанците", „Гасна комора за Албанците" и слични заканувачки пораки). Таму беа присутни високи државни функционери, вклучително и премиерот Христијан Мицкоски, кои не реагираа веднаш. Основното јавно обвинителство Куманово отвори предистражна постапка и издаде насоки до СВР Куманово за обезбедување снимки од видеонадзорот за да се идентификуваат сторителите.**

**На 5 август 2025 година, за време на фудбалскиот натпревар помеѓу ФК Шкендија и Карабах на Националната арена „Тодор Проески" во Скопје, од дел од публиката и навивачката група „Балисти" се слушаа националистички и политизирани скандирања, меѓу кои повици за „Голема Албанија", „Чамерија" и „Илирида". Натпреварот го следеа високи државни функционери, меѓу кои претседателот на Собранието Африм Гаши, вицепремиерот Изет Меџити, министерот за економија Валон Дурмиши, како и партиските лидери Али Ахмети и Арбен Таравари, кои не реагираа на навредливите извици. Хелсиншкиот комитет го осуди настанот како поттикнување меѓуетнички тензии и повика на итна реакција и санкционирање од надлежните институции.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АВГУСТ 2025 ГОДИНА

**Дополнително, на 24 август 2025 година, на пионерскиот фудбалски натпревар помеѓу ФК Брегалница и ФК Шкупи на стадионот „Бело Брдо“ во Штип се случи тежок инцидент кога родител на играч од Шкупи влезе на теренот и физички нападна двајца млади фудбалери од Брегалница, на возраст од околу 15 години.**

**При недостиг на реакција и осуда од страна на политичарите, како и брзата и ефикасна истрага од страна на органите на прогон и судска разрешница, говорот на омраза се пренесува на социјалните мрежи и се создава атмосфера на раздор и нетрпеливост.**

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО АВГУСТ 2025 ГОДИНА



# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АВГУСТ 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Заклучоци:**

**Во периодот на локалните избори 2025 година се забележува континуиран тренд на зголемена етничка и политичка поларизација, слично како и за време на парламентарните избори во 2024 година. Политичката реторика и изборните активности дополнително го продлабочуваат јазот помеѓу заедниците.**

**Голем дел од случаите се забележани на јавни настани и спортски натпревари, каде што говорот на омраза е изразен преку навивачки скандирања и симболика, а отсуството на реакција од страна на државните функционери и институциите создава впечаток на толеранција кон ваквото однесување.**

**Недостигот на навремена и ефективна реакција од органите на прогон и судството, како и одговорна осуда од страна на политичарите овозможуваат ваквиот говор дополнително да се шири на социјалните мрежи и да создава општествена атмосфера на недоверба, нетрпеливост и меѓуетнички тензии.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АВГУСТ 2025 ГОДИНА

# ПРЕПОРАКИ

**Препораки:**

**Основните јавни обвинителства и Министерството за внатрешни работи треба да постапуваат итно и транспарентно за сите случаи на говор на омраза, особено кога се случуваат на јавни собири или спортски натпревари.**

**Присуството на високи државни претставници на настани каде што се изразува говор на омраза бара нивна итна реакција и осуда, со цел да се даде јасна порака дека ваквото однесување е неприфатливо.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АВГУСТ 2025 ГОДИНА

**Во текот на јули 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 3 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои за најголем дел, во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.), постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Имено, станува збор за 2 потенцијални инциденти врз основа на етничка припадност и еден инцидент врз основа на политичка припадност. Според видот на насилството, еден инцидент содржи насилство, во еден случај станува збор за загрозување на сигурноста и во третиот - скврнавење симболи. Во еден случај, како жртви и како сторители се јавуваат малолетници. Една кривична пријава е поднесена поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“, затоа што, преку социјалната мрежа, пријавениот споделил видеозапис со кој поттикнувал омраза и нетрпеливост.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАЈ 2025 ГОДИНА

**Потенцијалните инциденти се вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што, според другите индикатори, постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани. Меѓу овие пристрасни индикатори се перцепција на жртва/сведок; коментирање на самото место; разлика помеѓу жртвата и сторителот на етничка основа; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; отсуство на други мотиви; и место и време. Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време на, или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АВГУСТ 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

1. Шемата на настаните укажува дека пристрасните мотиви се претежно етнички, со разновидни форми (физичко насилство, загрозување на сигурноста, сквернавење симболи), а малолетници се појавуваат и како жртви и како сторители.
2. Инцидентите се групираат околу „ризични контексти“ (училишта, мешани населби, автобуски линии/постојки, периоди по спортски натпревари), а присутна е и онлајн димензија што ескалира во говор на омраза и поттикнување нетрпеливост.

Препораки

1. Создавање партнерства со Министерството за образование и наука, училишта и ЈСП, дежурни наставници/обезбедување по завршување на наставата, едукации за спречување омраза, јасни протоколи за пријавување и брза реакција, со акцент на работа со малолетници.
2. Систематско следење, упатства за платформите и за јавноста со цел пријавување, правна поддршка за жртвите, координација со МВР/ЈО за доследна примена на делото „ширење расистички и ксенофобичен материјал“.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Во текот на август 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права во рамките на програмата за бесплатна правна помош, како и проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции“, финансиран од Европската Унија, обезбеди:

- Бесплатна правна помош за едно дете во судир со законот;
- Мониторинг-посета во Воспитно-поправниот дом Тетово – Волковија;
- Организирање едукативна и интерактивна работилница со децата на тема „Односот кон животните и природата“, реализирана од едукаторот Војо Иванов, со цел поттикнување емпатија, доверба и позитивни социјални вештини;
- Спроведување психо-социјално советување со децата преку индивидуални и групни сесии насочени кон поддршка на емоционалната благосостојба и личниот развој.

2. Краток преглед на обезбедени правни услуги

Бесплатна правна помош

- Преглед на законската регулатива и дадени правни совети;
- Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции;
- Обезбедени правни информации, совети и упатувања на странките.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

- Децата се работно ангажирани во кујна, економија, берберница и работилници, а учествуваат и во неформални програми за стекнување практични вештини (столар, шнајдер, козметичар и сл.).
- Установата располага со амбуланта, медицински техничар, неделни посети од лекар, стоматолог и ангажиран психијатар, со редовно следење на здравствената состојба на секое дете.
- Нови и добро одржувани објекти со отворено и затворено одделение, училници, фитнес-сала, берберница, бавча и двор со спортски реквизити; се спроведуваат и активности за одржување хигиена и тимска работа.
- Се обезбедува контакт со семејствата преку посети и телефонски/видеоповици, а како приоритет е истакната потребата од воспоставување на услугата „куќа на половина пат“ и подобра координација со Центрите за социјална работа со цел полесна реинтеграција на децата по отпустот.
- Во периодот на мониторинг беше утврдено дека едно девојче, кое издржува воспитна мерка, е сместено во КПУ Идризово бидејќи во Воспитно-поправниот дом Тетово сè уште не е завршена потребната преадаптација на просторот за формирање посебен женски оддел.
- Во рамките на проектот се реализираше работилница за односот кон животните и природата со едукаторот Војо Иванов, која придонесе за анимација, развој на емпатија и позитивно искуство кај децата.
- Во текот на месецот беше обезбедено психо-социјално советување преку групни и индивидуални сесии, насочени кон поддршка на менталното здравје и личниот развој на децата.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Да се обезбедат континуитет и институционална поддршка за формално образование во установата согласно новите законски измени.
- Да се засили психо-социјалната поддршка преку постојано присуство на стручен тим (психолог, педагог, социјален работник и психијатар).
- Да се зголемат бројот и компетентноста на воспитувачите и затворската полицијата, со задолжителна иницијална обука при вработувањето.
- Да се воспостави услугата „куќа на половина пат" за поддршка на децата по отпустот и да се зајакне поврзувањето со релевантните институции.
- Да се изврши преадаптација на просторот за формирање женски оддел во Воспитно-поправниот дом Тетово, со цел обезбедување услови за сместување девојчиња во согласност со меѓународните стандарди за заштита на правата на децата и принципот на физичка и програмска одделеност според пол.
- Да се продолжи со организирање тематски и креативни работилници што ги поттикнуваат емпатијата, довербата и социјалната инклузија на децата.

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАЈ 2025 ГОДИНА
# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| **БПП** | **18** | |
| **СПП** | **/** | |
| **Вкупно** | **18** | |
| | Број | **Проценти** |
| **Пол** | | |
| Мажи | 7 | **389%** |
| Жени | 11 | **611%** |
| **Етничка припадност** | | |
| Македонци | 14 | **778%** |
| Албанци | 2 | **611%** |
| Роми | 1 | **56%** |
| Странци | 1 | **56%** |
| **Географски региони** | | |
| Скопски | 12 | **667%** |
| Вардарски | / | **0%** |
| Полошки | 1 | **56%** |
| Пелагониски | 3 | **167%** |
| Југозападен | / | **0%** |
| Североисточен | / | **0%** |
| Источен | 2 | **111%** |
| Југоисточен | / | **0%** |

# FREE LEGAL AID, MONTHLY REPORT - APRIL 2025 STATISTICAL DATA

| Правни области | Број | **Проценти** |
|---|---|---|
| Имотно право | 2 | **133%** |
| Социјална заштита и осигурување | 1 | **67%** |
| Заштита на деца | 4 | **267%** |
| Пензиско и инвалидско | / | **0%** |
| Здравствено осигурување и | / | **0%** |
| Работни односи | 2 | **133%** |
| Родово базирано и семејно насилство | / | **0%** |
| Статусни прашања | 3 | **200%** |
| Заштита на човековите права | 3 | **0%** |
| Други | 3 | **200%** |

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ – ПИНГ-ПОНГ СО НАДЛЕЖНОСТА ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПРОБИВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ РОКОВИ ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ

Барателката на бесплатна правна помош на која Општина Штип ѝ ја одзела хуманитарната барака во која живеела повеќе од 20 години, на почетокот на 2025 година поднесе приговор на Решението за престанок на користење на бараката.

Имајќи предвид дека градоначалникот на Општина Штип не одлучи по приговорот во законски определениот рок, Хелсиншкиот комитет во два наврата се обрати до Државниот управен инспекторат со барања за вршење вонреден инспекциски надзор во општината. Видно од последниот писмен одговор на управниот инспекторат до Хелсиншкиот комитет, приговорот на барателката патувал од еден до друг ненадлежен орган. Така, најпрво, градоначалникот се иззел од одлучување по приговорот и предметот го пратил до Државната комисија за одлучување во втор степен. Оттаму, предметот со сите списи го пратиле до Управниот суд со барање на приговорот да му се даде третман на тужба со која се поведува управен спор против Решението за престанок на користење на бараката. Последната информација со која располагаме е дека Управниот суд не го прифатил ваквото барање и предметот го вратил кај надлежниот второстепен орган – градоначалникот на Општина Штип. Но, до крајот на септември 2025 година, тој не одлучи по приговорот на барателката, која го загуби единствениот дом.

.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ – ПИНГ-ПОНГ СО НАДЛЕЖНОСТА ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПРОБИВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ РОКОВИ ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ

Барателката е жена на 60-годишна возраст, невработена, со единствен член на семејството – ќерка што најмува стан во Скопје. Нејзината семејна и финансиска состојба ја принудува одвреме-навреме да го напушти местото на живеење, а таквата нужност, по многу години, станува причина/основ за нејзино иселување. Барателката спаѓа во категоријата граѓани во таков социјален ризик (бездомништво) што не смее да бидат со месеци оставени на (не)милоста на институции што си ја префрлаат одговорноста (во случајов – надлежноста). Особено на овие граѓани мора да им биде гарантирано уставно загарантирано право на двостепеност на постапка на тој начин што институциите ќе постапуваат по нивните барања, приоритетно и во рамките на законски утврдените рокови.